ILJIR SLAMNIK	Biljana Ajtarska			Boris Tundjev
18.07.2023	18.07.2023			18.07.2023
09:44 CEST	11:03 CEST			14:19 CEST

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
КО СОПОТСКО

ИЗВЕШТАЈ ОД УТВРДЕНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛИТЕ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ						ПОДАТОЦИ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА												
Реден број	Презиме, татково име и име (за граѓански лица)	Место на живеење	Улица	Куќен број	Катастарска општина	Број на имотен лист	Број на парцела		Катастарска			Површина			Број на градежна парцела	Технички број	Забелешка	Товар
							Основен	Дел	Култура		Класа	х	а	м2				
1	РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА				23038	15	1278	1		лз	4			**0**	1	17-05/2023		П
														17305.83				
2	РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА				23038	15	1365	1	зз	к	0			**0**	1			
														1210.09				
3	ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОДАЖБА СОЛ ГРУП 5 ДОО СКОПЈЕ	СКОПЈЕ-КАРПОШ	АНКАРСКА	33	23038	536	1366	1	зз	лз	4			**2406.38**	1			
														0				
4	РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА				23038	878	1367	0	зз	пс	6			**0**	1			
														6878.86				
	ЈАСМИН НИЗАМОВСКИ	СКОПЈЕ	ДИМИТРИЕ ЧУПОВСКИ	20-20														
5	СЛАВЧО ПОП - ГОШЕВСКИ	РЕСЕН	МИТЕ БОГОЕВСКИ	16	23536	1791	2422	0	зз	н	7			**0**	1			П
														18653.01				
	ВАСКО НОНЕВСКИ	РЕСЕН	С.ПРЕТОР															
	ВАСКО НОНЕВСКИ	РЕСЕН	С.ПРЕТОР															
	СЛАВЧО ПОП - ГОШЕВСКИ	РЕСЕН	МИТЕ БОГОЕВСКИ	16														
6	РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА				23536	1251	2452	0	гз	зпио	0			**0**	1			
														3961.74				
7	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА				23038	478	2762	2	зз	лз	4			**24662.97**	1			
														0				
	ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОДАЖБА СОЛ ГРУП 5 ДОО СКОПЈЕ	СКОПЈЕ-КАРПОШ	АНКАРСКА	33														
8	РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА				23038	13	2762	3	зз	пс	6			**0**	1			П

															133.59				
9	АД ОРАНЖЕРИИ С.ХАМЗАЛИ, БОСИЛОВО	С.ХАМЗАЛИ	БОСИЛОВО		23038	955	2762	4	зз	н	6				**0**	1			
															7427.65				
														Меѓузбир:	27069.35				
										ВКУПНО					**27069.35**				

Датум на генерирање на извештајот:
18-07-2023

Изработил:
Агенција за Катастар на Недвижности

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр. 53728

Датум: 20.07.2023

До
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Предмет: Доставување на мислење

Согласно Вашето Барање за Мислење добиено преку информацискиот систем е-урбанизам за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија со капацитет над 1MW, на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско, Општина Ресен, Ви доставуваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Лице за контакт: Николче Тасевски, тел. 070/200-176.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за DEVOPS активности на оптика

и мрежи од следна генерација

Васко Најков

NIKOLChE TASEVSKI Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI Date: 2023.07.20 09:40:24 +02'00'

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-25/7-272 од 26.07.2023
Скопје

Одговорно лице: Драган Николоски

Контакт телефон: 072 931 308

Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 67-1915/7 од 12.07.2023 година, со кој барате да дадеме мислење за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија со капацитет над 1MW, на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско, Општина Ресен, ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

Напомена: Приклучувањето на објектот на дистрибутивната електроенергетска мрежа се врши во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија. По направена првична анализа, нема можност за приклучок на производителот на постојната дистрибутивна мрежа.

При планирање, согласно пресметките за потребната едновремена моќност на планираните објекти, според вид, намена и сл. препорачуваме да се предвидат нови маркици за трафостаници со определена, дефинирана градежна парцела.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Mile Sareski

Digitally signed by Mile Sareski
Date: 2023.07.26 12:05:16 +02'00'

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

МЕПСО

Бр.-Nr. 10-4371/1
2007 20 23 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Ул. Димитар Влахов Горки бр.4, 1.000 Скопје

Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813

Ф: + 389 (0) 2 3 111 160

www.mepso.com.mk

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
Сектор за уредување на просторот
Ул. Даме Груев бр.6
1000 Скопје

Ваш број: 67-1915/7 од 12.07.2023 год.
Наш број: 10-4371 од 14.07.2023год., 10-4401 од 17.07.2023 год.

ПРЕДМЕТ: Одговор по Ваше барање

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за мислење по "Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија со капацитет над 1MW, на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско, Општина Ресен", Ве известуваме дека по разгледување на доставеното барање и пропратната документација прикачена на е-урбанизам со број на постапка 53728, АД МЕПСО дава **позитивно мислење** со констатација дека на предметните катастарски парцели нема во сопственост постоечка линиска инфраструктура.

- веќе потврдено со наш допис 11-2245/1 од 11.04.2023год., до изготвувачот на планската документација Чип Гроуп, 1000 Скопје.

Со Почит,

Изработил: Бојан Николовски

Одобрил:
Раководител на Оддел Далекуводи
Зоран Илиоски

Член на УО на АД МЕПСО

Ко:
- Подружница ОПМ
- Оддел ДВ
- Одделение за припрема на ДВ
- Архива

Бр/Nr. 10-6919/2

Скопје/Shkup 28-07-2023 година/viti

ДО Министерство за транспорт и врски
Сектор за уредување на просторот
ул. „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр. 4
1000 Скопје

Предмет: Мислење

Почитувани,

Врз основа на Вашиот допис бр.67-1915/7 од 12 Јули, 2023 год. со кој барате мислење за Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија со капацитет над 1MW, на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско, Општина Ресен, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, ги разгледа пристигнатите прилози, заверени со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-6919/1 од 21.07.2023 година:

- Комлет урбанистички проект.

Од доставените и разгледани прилози констатирано е дека, по однос на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија со капацитет над 1MW, на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско, Општина Ресен, Јавното претпријатие за државни патишта нема забелешки и дава **позитивно мислење**, бидејќи предметниот проектниот опфат не граничи со држевен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Кирил Каркалашев
Одобрил: d-r Ejup Latifi

257

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

25.01 2023

АРХИВСКИ БРОЈ: **40 – 7037 / 3**

ДО: **Министерство за Транспорт и врски**
Сектор за уредување на просторот

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРС
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJE
Скопје - Shkup
Примено / Pranuar: 26. 07. 2023

Org. единица	Број Numri	Прилог Bashkëjcë	Вредно Vlera
	67- 1915/9		

ПРЕДМЕТ: **Мислење**

Почитувани,

Во врска со вашето **Барање за мислење под бр.67-1915/7 од 12.07.2023 година**, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20), **за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија со капацитет над 1MW, на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско, Општина Ресен,** Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Ве известува со следното:
Според Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19, 178/21 и 91/23) се уредуваат користењето, располагањето, заштитата и пренамената на земјоделското земјиште. Целите на овој закон се: - рационално користење на земјоделското земјиште како ограничен природен ресурс, - заштита на земјоделското земјиште и - обезбедување правна сигурност на сопствениците и корисниците на земјоделското земјиште.

Согласно доставената документација и увидот во истата констатирано е дека:

Предметното земјиште на КП 1366/1, викано место Езериште, катастарска култура лозје, катастарска класа 4 со Имотен лист бр.536 за КО Сопотско е во приватна сопственост.

Предметното земјиште на КП 2762/2, викано место Езериште, катастарска култура лозје, катастарска класа 4 со Имотен лист бр.478 за КО Сопотско е во приватна и државна сосопственост.

Според известувањето од ПЕ Ресен под арх.бр.78-139/2 од 24.07.2022 година за катастарската парцела 2762/2, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема склучено договор за закуп.

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Воедно напоменуваме дека меѓу приоритетите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е заштитата на земјоделското земјиште, а особено ограничување на трансформацијата на земјиштето од 1-4 катастарска класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Со почит,

Министер,
Љупчо Николовски

Изработил: Борче Лозановски
Контролирал: Момчило Петровски
Одобрил: Аднан Алии

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ
– ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско

ОПШТИНА РЕСЕН

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y20323

Скопје, мај 2023

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско

ОПШТИНА РЕСЕН

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Баратель: Министерство за транспорт и врски

Тех. бр. Y20323

Раководител на задачата
Зоран Цветановски, д.и.ж.с.

Zoran Cvetanovski
Digitally signed by Zoran Cvetanovski
Date: 2023.05.19 14:04:29 +02'00'

Контролирал
м-р Весна Мирчевска Димишковска, д.и.з.ж.с

Vesna Mirchevska Dimishkovska
Digitally signed by Vesna Mirchevska Dimishkovska
Date: 2023.05.19 14:14:09 +02'00'

Агенција за планирање на просторот
Директор

Andrijana Andreeva
Digitally signed by Andrijana Andreeva
Date: 2023.05.19 14:34:07 +02'00'

м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Скопје, мај 2023

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско
ОПШТИНА РЕСЕН

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Имајќи ја предвид важноста на Просторниот план, со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за населените места и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава решение за услови за планирање на просторот.

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско, Општина Ресен. Површината на планскиот опфат изнесува 2,71 ha. Планираната моќност на површинските соларни и фотоволтаични електрани е над 1MW.

Планскиот опфат се граничи со издадени:

- Услови за планирање на просторот наменети за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 3 MW на КП 2421 и КП 2422, м.в. Доброво, КО Ресен вон.гр., Општина Ресен, со тех бр Y39722.
- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2762/4 м.в. Езериште, КО Сопотско, Општина Ресен со тех.бр. Y49722.

Во непосредна близина на планскиот опфат поминува траса за која што има издадено Услови за планирање на просторот за изградба на нов 10 (20) kV кабелски вод, КО Ресен вон.гр., КО Сопотско, Општина Ресен, со тех.бр. Y34822.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Локацијата се наоѓа во границите на Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион.

Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион кој што претставува разработка на Просторниот план на Република Македонија, го донесе Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 11.02.2010 година.

Просторниот план е еден од основните инструменти за имплементација на принципите на одржливиот развој преку планските решенија за организација, заштита и уредување на просторот, во услови на комплексна социополитичка и економска трансформација на општеството и нагласена грижа за заштита на животната средина. Планот претставува долгорочен, интегрален, развоен документ, кој ја дефинира просторната организација на Регионот, целите и концепциите на просторниот развој на одделни области и условите за нивна реализација.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион.

Основни определби на Просторниот план

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји**. Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Чувствителноста на просторот, високата вредност на природните и создадени вредности на Охридско-преспанскиот регион наметнуваат потреба во планските решенија, посебно внимание да се обрне на:

- Унапредувањето и заштитата на животната средина;
- Заштита на Охридското и Преспанското Езеро како светско природно наследство;
- Заштита на Регионот како светско културно наследство;
- Зачувување на еколошките вредности, функции и биолошкиот диверзитет во областа на Преспа парк;
- Интегрална заштита на природната просторна целина на националните паркови, спомениците на природата (Галичица, Пелистер, Јабланица, Охридско Езеро, Преспанско Езеро) и други категории на природни богатства.

Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



0 0.225 0.45 0.9 Km

1:15,000



- Општинска граница
- Катастарска граница
- 10(20) kV кабелски вод-Y34822
- Површински соларни и фотоволтаични електрани-Y39722
- Површински соларни и фотоволтаични електрани-Y49722

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Предметната локација во КО Сопотско, Општина Ресен за која се издаваат Условите за планирање на просторот се наоѓа југоисточно од населено место Ресен на надморска височина од 875-890 m.

Езерото има одредено влијание врз температурниот режим во котлината, посебно на температурата на воздухот во зимските месеци и тоа во декември и јануари. Така просечната јануарска температура овде е над нулата и изнесува 0,1°C. Просечната декемвриска температура овде има вредност 1,9°C. Во февруари термичкото влијание на езерото врз температурата на воздухот се губи. Просечната февруарска температура има вредност 1,3°C. Според тоа акумулираната топлина во Преспанското Езеро, во топлиот дел од годината, има термичко влијание врз температурата на воздухот во својата околина, од средината на октомври, заклучно со јануари. Во извесна мера езерото има влијание и во снижување на температурата на воздухот само во непосредната околина, особено во јули и август.

Просечната годишна температура овде изнесува 9,5°C. Најтопол месец е јули, со просечно месечна температура од 18,9°C, а најстуден е јануари со вредност 0,1°C. Просечното годишно температурно колебање изнесува 18,8°C.

Екстремно максималната температура на воздухот во Преспанското Поле е 37,0°C забележана на 6 јули 1988 година. Апсолутно минималната температура изнесува -26,9°C, забележана на 14 јануари 1968 година.

Просечниот датум на есенскиот мраз е 22 октомври, а најраниот мраз се јавува на 09-09-1976 година. Просечниот датум на пролетниот мраз е 18 април а на најдоцниот пролетен мраз е забележан на 24-05-1987 год. Просечниот мразен период изнесува 178 дена а екстремниот мразен период изнесува 259 дена.

Врнежите се под влијание на медитеранскиот плувиометриски режим. Поголеми количини паѓаат во ладниот дел од годината, со максимум во доцната есен и во зимата, а минимум во летните месеци. Просечната годишна сума на врнежите изнесува 715,2mm но во поедини години годишната количина се менува во широки граници од 380mm до 1170mm. Главниот максимум е во ноември, просечно 102,6mm, потоа декември со 77,5mm, а главниот минимум во јули и август 24,9 односно 26,8mm.

Врнежите се главно од дожд, а малку од снег. Снегот се јавува од октомври заклучно со април. Просечниот датум на појава на првиот снег е 30 ноември а на последниот снег е 31 март. Просечно годишно се јавуваат 40 дена со снежен покривач, главно во зимските месеци. Просечната годишна висина на снежната покривка е 16,9cm. Максималната височина на снежниот покривач 86cm забележана е на 3 февруари 1963 година.

Просечната вредност на релативната влажност изнесува 74%, со најголема вредност во декември од 81%, јануари и февруари со 80% влажност па ноември 79%, а со најмала влажност е јули со 66% и мај и јуни со по 68%.

Преспанската Котлина се одликува со долготрајно сончево зрачење и просечната годишна сума изнесува 2295 часови.

Просечно годишно има 108 ведри и 74 тмурни дена, а 184 облачни денови.

Оваа котлина слично како и Охридската се одликува со посебен режим на локални ветрови, условен од Езерото поради нееднаквото загревање на воздухот над копното и над езерската шир. Тие воедно ја зголемуваат општата зачестеност на ветровите во ова подрачје.

Со најголема зачестеност е ветерот од северниот, со просечна годишна вредност од 116‰, и источниот правец 114‰ со просечна годишна брзина од 0,8m/s и максимална брзина од 18,9m/s. Потоа со зачестеност од 87‰ е јужниот ветер, со просечна годишна брзина од 2,2m/s и максимална брзина од 18,9m/s. Северо-источниот ветер е со просечна годишна зачестеност од 71‰, југо-западниот со зачестеност од 63‰, западниот 52‰, северо-западниот е со зачестеност од 40‰, а југо-источниот со зачестеност 34‰.

Маглата во Преспанското подрачје е ретка појава, исто како и во Охридската Котлина, главно поради честото проветрување и присуство на големите езерски водени површини, просечно годишно има 3 магливи денови.

Податоците погоре се од мерна станица Ресен.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот припаѓа на планскиот опфат на Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион заради што е неопходно при поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен **да се почитуваат и определбите на овој Регионален план во областа на Економските основи на просторниот развој на Регионот.**

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на

стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Ресен со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Развојните полови како поврзани единици во некаква "линија" ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, теченијата на реките и слично. Во денешно време доминантно значење имаат деловните односи, комуникациите како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Република Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантни за Општината на чиј простор припаѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот е "Јужната развојна оска" која што досега е ретко споменувана, но во иднина со ефектуирањето на сите претпоставки за развој, ќе го потврдува своето значење. Оваа развојна оска ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип – Кочани - Делчево и продолжува кон Благоевград во Р Бугарија. На запад продолжува кон Елбасан - Р Албанија. Нема големи изгледи да стане меѓународна, но внатре во земјата таа поврзува значајни полови на развој.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на државата.

Насочувањето на организацијата, намената и функциите на производните и услужни дејности во просторот на Охридско-Преспанскиот регион треба да се темели на новиот пристап на плански развој поставен врз принципите на одржлив развој со што примарен станува квалитетот на животното опкружување, односно повнимателен однос спрема природните, културните и создадените ресурси. Врз овие основи, поттикнување на економскиот и севкупен развој на Регионот, може да се оствари со селективна алокација на инвестициите, подобра сообраќајна поврзаност, со комунално опремување и изградба на објекти на општествен стандард, со даночната и кредитна политика, со политика на зголемување на инвестициите итн.

Во просторно планерскиот процес според методологијата и практиката, релевантна е просторната димензија на развојот на економијата. Регионалниот просторен план содржи концепт на планиран просторен економски развој поставен врз валоризација на основните фактори на развој, особено поттикнувачките развојни фактори ("човечкиот капитал" и технолошкиот прогрес) кои објективно претставуваат значаен сегмент на одржливиот развој на просторот и негово активирање и уредување во функција на идниот просперитет на регионалната и национална економија.

Со насоките и определбите за ораганизација и уредување на просторот со работна функција и алокација на производните и услужни капацитети, треба да се

обезбеди економски просперитет на населението и населбите како во урбаните така и во руралните подрачја на Регионот. **Развојот на економијата се насочува кон алоцирање на производни технологии коишто не се во конфликт со режимот на заштита на овие простори. Со цел да се оствари поголема рационалност во користењето на просторот и избор на најоптималната локација за производните дејности потребно е со Физибилити студија да се утврди економската оправданост за изборот на простор наменет за стопански дејности.**

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен, ќе бидат во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).

Според определбите на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион, идниот развој и разместеност на производните дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Користење и заштита на земјоделското земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Усклaдување на обемот и начинот на користење на земјоделското земјиште со природните и почвените услови на соодветниот реон;
- Запирање на тенденциите на стихијна пренамена на земјоделските површини во непродуктивни, особено во приградските опкружувања и заштита на земјоделското земјиште како главен предуслов за ефикасно остварување на производните функции;
- Зголемување на економската ефикасност на аграрниот сектор и натамошно интензивирање на овоштарството со посебен акцент на јаболкопроизводството како доминантна земјоделска гранка;
- Искористување на компаративните предности на регионот и одделните микрореони за поголем степен на финализација и рестартирање на преработувачките капацитети и нивно задоволување со суровини и ориентација кон извоз;

- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање на програмата за макро и микрореонирање на земјоделското производство за рационално искористување на природните ресурси;
- Спречување на деградацијата на педолошкиот слој и подобрување на неговите производни својства, зголемување на обработливите површини на терените каде постојат услови, како и максимално можно интензивирање на земјоделското производство;
- Иницирање на широка кампања за едукација, маркетинг и мотивација на земјоделските производители за примена на биотехнологии и еко-лошки ѓубрива.

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Големоезерскиот реон поделен на 3 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водни ресурси и водостопанска инфраструктура

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот согласно Просторниот план на Република Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, енергетиката, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): „Полог", „Скопје",

„Треска", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко", „Преспа" и „Дебар". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Просторот наменет за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Сопотско, Општина Ресен, се наоѓа во водостопанското подрачје ВП „Преспа" кое го опфаќа сливот на Преспанското Езеро во границите на РСМакедонија.

Поголеми водотеци кои се вливаат во Преспанското Езеро се Брајчинска и Преторска Река кои дотекуваат од планината Баба и Голема Река која дотекува од Ресенско Поле. Од страна на планината Галичица поради карстифицираност на пределот се јавуваат суводолици.

На територијата на Републиката регистрирани се вкупно 4.414 извори, од кои со штедрост поголема од 100 l/s регистрирани се 58. Во сливот на Преспанско Езеро регистрирани се два извора со штедрост над 30 l/s кај селото Крушје, еден извор со штедрост од 11-30 l/s и поголем број на извори со штедрост помала од 1 l/s.

Во ВП „Преспа" се наводнуваат 3635 ха обработливо земјиште, а за идниот период се предвидува да се наводнуваат уште 8200 ха. За изворници се предвидени Преспанското Езеро и планираната акумулација Лева Река. При изработката на документацијата за фотоволтаичните електрани да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и соодветно на тоа да се предвидат мерки за нејзина заштита и непречено функционирање.

Изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани преку кои ќе се користи сончевата енергија, како и искористувањето на хидроенергетскиот потенцијал на водите во регионот, како обновливи ресурси за производство на енергија, ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на потрошувачите во согласност со принципите на одржливиот развој и еколошко искористување на природните ресурси.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Република Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна

иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Републиката досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила), а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови. Сите постојни и планирани преносни водови минуваат далеку од оваа локација. Така, постојниот преносен 110kV вод Битола-Ресен-Охрид минува на 1,2km источно од оваа локација.

Поставувањето на **површински соларни и фотоволтаични електрани** ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

Гасовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во РС.Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изграденот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-СМакедонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во РС.Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во РС.Македонија, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-6 Битола-Охрид со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион.

Трасата на планираниот гасовод од делница-6 сеуште не е точно утврдена.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и систем на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија. Под поимот урбанизација се подразбира во прв ред развој на градовите изразен со порастот на нивното население, социјалните и политички функции и во изградбата и уредување на нивните просторно физички структури. Во поширока смисла урбанизацијата го опфаќа и развојот на руралните населби и простори кој е резултат на промените кои водат кон намалување на разликите помеѓу градот и селото.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на населбите, дефинирани во Просторниот план на Република Македонија.

Една од **целите** согласно ППРМ која треба да се земе во предвид при изработка на **површински соларни и фотоволтаични електрани,** предвидува:

- Планско уредување и екипирање на населбите **со елементи на комунална инфраструктура**.

Од аспект на урбанизацијата при поставувањето на вакви објекти во просторот треба да се обрне внимание на изборот на локации од аспект на заштита на продуктивното земјиште, како и нивно вклопување во постојниот урбан модел на просторот и пејзажното обликување на окружувањето.

Иницијативата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Домување

Основните цели на Просторниот план во областа на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на: обезбедување стан за секое домаќинство, подобрување на станбениот стандард, изградба на **адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување**, асеизмичност во градбата, замена на субстандардниот станбен фонд и изнаоѓање модуси и дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна изградба.

Современата технологија, автоматизација и модернизација навлегува во сите пори на современиот живот, па оттаму предизвикува битни трансформации и во станот, кои квалитативно го менуваат традиционалниот тип на домување.

Порастот на животниот стандард и порастот на културата на домувањето доведуваат до постојано зголемување на површината на станот, подобрување на внатрешната организација и распоред, **квантитативно и квалитативно подигнување на комуналната опременост на станот**.

Во тој контекст, оваа иницијатива со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.

Јавни функции

Организацијата на **јавните функции** е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет.

Локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу двата типа на функции.

Индустрија

Согласно планските определби на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион, развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значајна област за

поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на производните дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Расположивите показатели за развојот и разместеноста на индустриските капацитети во Регионот кој се карактеризира со богата хидрографија на сливно подрачје и обележје на туристички простор со национално и меѓународно значење, упатуваат на потребата за воспоставување превентивен пристап во заштитата на животната средина, особено поголем степен на заштита на квалитетот на водите во Регионот. Превенцијата ќе биде насочена на изборот за видот на индустрискиот капацитет согласно законската регулатива за влијанијата врз животната средина и воведување перманентен мониторинг за еколошките влијанија на постојните производно-технолошки процеси на индустриските капацитети лоцирани во Регионот.

Развојот на индустријата се очекува да биде застапен во сите општини, да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети, што ќе влијае врз зголемување на вработувањето на расположивата работна сила, подобрување на условите за живеење и повисок стндард на граѓаните во Регионот.

Во услови на пазарна алокација на инвестициите, менаџерските одлуки имаат решавачко значење во одредувањето на потребите и можностите за заокружување или за дисперзијата на постојните капацитети, но и за изградба на нови. Додека државата со плански и организиран начин на ширење на инфраструктурата и на други услови за локација на производни капацитети во просторот околу градовите и општо во поширокиот рурален простор, обезбедува основи врз кои може да се очекува во Регионот да се остварува дисперзија на индустријата.

Според валоризација на потребата за обезбедување простор за сместување и алокација на стопански капацитети со производна и комплементарна дејност, како определба со овој концепт се предлага следната структура на идната просторна дистрибуција на стопанските, односно индустриските капацитети:

- Алокација на индустриските објекти во рамки на постојните и идни простори предвидени со планска урбанистичка документација (генерални урбанистички планови, урбанистички планови за населени места, урбанистички планови за стопански комплекси вон населени места итн.).
- Дистрибуција на стопанските активности, пред сé индустриските и на нив комплементарните со проширување на постојните индустриски зони или **оформување на нови простори за стопанска намена со помали површини за локација на дисперзирани погони или мали стопански комплекси. Во Општина Ресен можни простори со стопанска намена се атарите на населените места: Љубојно, Крани Подмочани, Царев Двор и Стење.**

Општиот став во однос на планирањето на потребните површини за индустрија и сервиси е дека треба да се уважува постојната просторно-планска

документација со која веќе се резервирани површини за индустрија и услуги. При утврдувањето на идните нови површини со стопанска намена, со урбанистичката документација од пониско ниво, треба да се земат во предвид и сите останати чинители кои ја условуваат локацијата на индустријата и сервисите како што се зоните за заштита, заштитата на природните вредности, развиеноста и снабденоста со инфраструктура, поединечните и општи интереси на инвеститорот, развојните стопански програми на градовите и општините и сл.

Врз овие основи за наредниот плански период во Охридско-Преспанскиот регион се предвидува застапеност на следната структура на индустриски дејности со воспоставување на постојан мониторинг на влијанијата врз животната средина и преземање на превентивни мерки за спречување на потенцијалниот ризик:

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија:

- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.
- Со поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на поставување на планираните содржини. Влијанијата што ќе се јават во фаза на поставување (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се проценуваат како малку значајни, имајќи го во предвид фактот дека површинските соларни и фотоволтаични електрани не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава. Мерки за заштита од влијанија врз животната средина се наведени во секторската област: заштита на животната средина.
- Поради потребата од зголемена површина на земјиште за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, неопходно е

воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

- Предвидениот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Во експлоатациониот период не се очекува значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.
- На просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на документацијата или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на документацијата потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на планскиот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата и Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- **енергетските системи**, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите, на подрачјата од посебен интерес, на општините и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- **мрежата на инфраструктура;**
- долгорочна политика на урбанизација;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Во однос на намената на површините, определбите на Просторниот план на државата и Просторниот план на Регионот се:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд зони, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели;
- Просторите во близина на пороите да се исклучуваат од зони за изградба на објекти и истите да се заштитуваат од можните излевања и наноси со предвидување на заштитни зелени површини.

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој;
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација;

- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско, Општина Ресен. Површината на планскиот опфат изнесува 2,71 ha. Планираната моќност на површинските соларни и фотоволтаични електрани е над 1MW.

Планскиот опфат се граничи со издадени:

- Услови за планирање на просторот наменети за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 3 MW на КП 2421 и КП 2422, м.в. Доброво, КО Ресен вон.гр., Општина Ресен, со тех бр Y39722.
- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2762/4 м.в. Езериште, КО Сопотско, Општина Ресен со тех.бр. Y49722.

Во непосредна близина на планскиот опфат поминува траса за која што има издадено Услови за планирање на просторот за изградба на нов 10 (20) kV кабелски вод, КО Ресен вон.гр., КО Сопотско, Општина Ресен, со тех.бр. Y34822.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Локацијата се наоѓа во границите на Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија** и **Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион.**

При изработката на предвидената документација, треба да се имаат предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:

Економски основи на просторниот развој

- Организацијата, намената и функциите на производните и услужни дејности во просторот на Охридско-преспанскиот регион треба да се темели на новиот пристап на плански развој поставен врз принципите на одржлив развој со што примарен станува квалитетот на животното опкружување, односно повнимателен однос спрема природните, културните и создадените ресурси.
- **Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен, ќе бидат во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).**
- **Според определбите на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион, идниот развој и разместеност на производните дејности треба да базира на одржливост**

на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Големоезерскиот реон поделен на 3 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- При изработката на документацијата за фотоволтаичните електрани да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и соодветно на тоа да се предвидат мерки за нејзина заштита и непречено функционирање
- Изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани преку кои ќе се користи сончевата енергија, како и искористувањето на хидроенергетскиот потенцијал на водите во регионот, како обновливи ресурси за производство на енергија, ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на потрошувачите во согласност со принципите на одржливиот развој и еколошко искористување на природните ресурси.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- **Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови.**
- Поставувањето на **површински соларни и фотоволтаични електрани** ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

Урбанизација и систем на населби

- **Иницијативата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.**

Домување

- **Иницијативата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.**

Јавни функции

- **Локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Индустрија

- **Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети;**
- Во економската развојна структура на Регионот и поодделните општини, индустрискиот сектор е еден од клучните сегменти кој треба да биде насочен кон модернизација, висока технологија и поврзаност со другите области од економијата;
- Со планските определби утврдени со Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион се предвидува дисперзијата на индустриските и на комплементарните дејности да се одвива со проширување на постојните индустриски зони **или оформување на нови простори за стопанска намена со помали површини за локација на дисперзирани погони или мали стопански комплекси. Во Општина Ресен можни простори со стопанска намена се атарите на населените места: Љубојно, Крани Подмочани, Царев Двор и Стење.**
- **Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен ќе биде во функција на зголемување на производството на електрична енергија од обновливи ресурси (сончева енергија) што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион за одржлив развој.**
- Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на “одржлив” развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на производните капацитети засновани на принципите на еколошка заштита.

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

  А3 - Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива, делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа.
- Релевантните регионални патни правци за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегуваат во групата на **регионални патишта "Р1"** и се со ознака:

  Р1101 - (Прилеп-врска со А1,А3 – Битола – Макази - Царев двор - врска со Р1307);

  Р1307 - (Ресен-врска со А3-Царев Двор-Отешево-гр. со РАлбанија_ГП Стење).
- **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа:

- **Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани моќност, КО Сопотско, Општина Ресен, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз

животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на поставувањето и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Заштитно конзерваторски основи за заштита на недвижното културно наследство изработени од Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид за потребите на Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион, и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Сопотско има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на документацијата од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

[2] МАНУ Скопје, 1996г.

Развој на туризмот

- Во рамките на туристичката регионализација на Република Северна Македонија, **Охридско-Преспанскиот регион** е дефиниран како еден од 10-те туристички региони, кој е особено значаен поради тоа што има и **меѓународен карактер**.
- **Предметната локација припаѓа на Зона Преспа со 8 туристички локалитети и припаѓа на туристичките простори со меѓународно значење. Комплексната туристичка понуда на регионот дава можности за развој на повеќе видови туризам како што се градскиот и културно-наследствениот туризам.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Согласно Просторниот план на Република Македонија, локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен, се наоѓа во потенцијална зона на свлечишта. Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на свлечишта, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.**
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена на документацијата за предметниот простор со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Сопотско, Општина Ресен, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-разработка-
ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН
2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:

Синтезни карти

Користење на земјиштето

Карта: A2110819

Легенда:

- граница на опфат
- река
- природно езеро и акумулација

Заштитни зони

- 300 метри
- 500 метри
- 1000 метри

- шума и шумско земјиште
- ливада
- пасиште
- земјоделско земјиште
- овоштарник
- лозје
- непродуктивно земјиште

- национален парк
- Преспа парк
- подрачје на UNESCO
- туристички локалитет
- туристички простор од меѓународно значење
- зона за експлоатација на минарали
- наводнувана површина
- наводнувана површина по 2020 г.

- транзитен коридор
- аеродром
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железница



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-разработка-
ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН 2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:

Синтезни карти

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта: A2110820

Легенда:

- центар на мезорегион со специфични функции
- центар на микрорегион
- центар на просторно-функционална единица
- рурален општински центар
- граница на опфат
- општинска граница
- меѓусебни врски во системот на центри
- 2 просторно функционални единици

Оски на развој

- јужна
- северна

Култура

- библиотека
- дом на култура
- музеј
- други културни манифестации

Здравство

- примарна здравствена заштита
- секундарна здравствена заштита

Образование

- основно
- средно
- високо

Социјална заштита

- дом
- детска градинка

Физичка култура

- објект на физичко воспитување во воспитно образовна институција
- објект за спорт и рекреација



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-разработка-
ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН
2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта: А2110821

Легенда:

- граница на опфат
- општинска граница
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железница
- природно езеро
- река
- старо корито-р.Сатеска
- водостопанско подрачје
- извориште
- водоводен систем
- канализационен систем
- пречистителна станица
- одводнувана површина
- наводнувана површина
- наводнувана површина по 2020
- брана
- акумулација
- акумулација по 2020
- хидроелектрана
- мала хидроелектрана
- рудник
- трафостаница 400 kV
- трафостаница 110 kV
- трафостаница 35 kV
- далновод 400 kV
- далновод 110 kV
- далновод 35 kV
- гасоводен систем
- нафтовод АМБО



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-разработка-
ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН
2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:

Синтезни карти

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта: А2110822

Легенда:

- граница на опфат
- општинска граница
- река
- природно езеро и акумулација
- рекултивација на деградиран простор
- интегрирано спречување и контрола на загадување
- регион за управување со животната средина
- заштита на простор со природни вредности
- заштита на земјоделско земјиште
- природен коридор
- заштитна крајбрежна зона
- Преспа парк
- заштитни зони на извори за водоснабдување

Културно наследство

- целина
- Унеско
- поединечен споменик
- заштитена археологија
- простор со режим на заштита





УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, НА КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН

M=1:15000

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 2,71 Ха

ИЗДАДЕНИ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ Y20323

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ „КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ ЛИЦЕНЦА БР. 0.095

НАРАЧАТЕЛ
СОЛ ГРУП 5 ДОО СКОПЈЕ

СОДРЖИНА
УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО ГРАНИЦИ НА ОПФАТ

ФАЗА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН — У

ПЛАН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1 MW, КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН — ТЕХ.БР. 17-05/23

ПЛАНЕРИ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065

СОРАБОТНИК
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА миа

УПРАВИТЕЛ	РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
СИЛВАНА ВАНОВСКА	M = 1:15000	АВГУСТ 2023	1



ЛЕГЕНДА

- земјен пат
- бетонски канал
- граница на катастарска парцела
- голема изохипса
- мала изохипса
- граница на опфат

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, НА КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН

M=1:2000

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 2,71 Ха
- ГРАНИЦА НА СОСЕДЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Y20323	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1 MW, КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН
Y34822	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН: НОВ 10(20)kV КАБЕЛСКИ ВОД НИЗ КО СОПОТСКО И КО РЕСЕН - ВОН ГРАД ОПШТИНА РЕСЕН
Y39722	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (ФОТО-НАПОНСКИ ПАНЕЛИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА КОИ СЕ ГРАДАТ НА ЗЕМЈИШТЕ) СО МОЌНОСТ ОД 3MW НА К.П.БР.2421 И К.П.БР.2422, М.В. „ДОБРОВО", К.О. РЕСЕН-ВОН ГРАД, ОПШТИНА РЕСЕН
Y49722	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА К.П.27624, К.О. СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ „КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ ЛИЦЕНЦА БР. 0.095

НАРАЧАТЕЛ
СОЛ ГРУП 5 ДОО СКОПЈЕ

СОДРЖИНА
КАРТА СО ПРОЕКТЕН ОПФАТ И ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ

ФАЗА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН — У

ПЛАН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1 MW, КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН — ТЕХ.БР. 17-05/23

ПЛАНЕРИ
СИЛВАНА ВАНОВСКА дипл овластување 0.0065

СОРАБОТНИК
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА мин

УПРАВИТЕЛ	РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
СИЛВАНА ВАНОВСКА	M = 1:2000	АВГУСТ 2023	2

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, НА КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН

M=1:1000



ЛЕГЕНДА

- земјен пат
- бетонски канал
- граница на катастарска парцела
- голема изохипса
- мала изохипса
- граница на опфат

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 2,71 Ха

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ ЛИЦЕНЦА БР. 0.095
„КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ

НАРАЧАТЕЛ
СОЛ ГРУП 5 ДОО СКОПЈЕ

СОДРЖИНА
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ФАЗА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН — У

ПЛАН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1 MW, КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН — ТЕХ.БР. 17-05/23

ПЛАНЕРИ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065

СОРАБОТНИК
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА миа

УПРАВИТЕЛ	РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
СИЛВАНА ВАНОВСКА	M = 1:1000	АВГУСТ 2023	3

УПВОУП со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонап. електроцентр. со капацитет над 1MW, на КП 2762/2 и 1366/1, КО Сопотско

| ЧИП ГРОУП ДООЕЛ СКОПЈЕ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА УПВОУП		ПОВРШИНИ	%
	НЗ - неизградено земјиште	2,67 Ха	98,5%
	постоен канал	0,04 Ха	1,5%
	Вкупно:	**2,71 Ха**	**100%**



БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ ОД ПОСТОЈНА СОСТОЈБА:		Површини (m2)	Процентуална застапеност (%)
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН	Неизградена површина	26663,76m2	98,50
	Постоен канал	405,58m2	1,50
ВКУПНО		**27069,35m2**	**100,00**

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, НА КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН

M=1:1000

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 2,71 Ха
- ГРАНИЦА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- НЗ НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
- ПОСТОЕН ЗЕМЈЕН ПАТ
- ПОСТОЕН КАНАЛ

- земјен пат
- бетонски канал
- граница на катастарска парцела
- голема изохипса
- мала изохипса
- граница на опфат

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ „КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ ЛИЦЕНЦА БР. 0.095

НАРАЧАТЕЛ
СОЛ ГРУП 5 ДОО СКОПЈЕ

СОДРЖИНА
КАРТА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД

ФАЗА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН — У

ПЛАН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1 MW, КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН — ТЕХ.БР. 17-05/23

ПЛАНЕРИ
СИЛВАНА ВАНОВСКА дипл овластување 0.0065

СОРАБОТНИК
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА дипл

УПРАВИТЕЛ
СИЛВАНА ВАНОВСКА

РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
M = 1:1000	АВГУСТ 2023	4



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, НА КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН

M=1:1000

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 2,71 Ха
- НЕРЕГУЛИРАН ПОВРЕМЕН ВОДОТЕК

ЛЕГЕНДА

- земјен пат
- бетонски канал
- граница на катастарска парцела
- голема изохипса
- мала изохипса
- граница на опфат

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ „КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ ЛИЦЕНЦА БР. 0.095

НАРАЧАТЕЛ
СОЛ ГРУП 5 ДОО СКОПЈЕ

СОДРЖИНА
КАРТА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ФАЗА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН — У

ПЛАН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1 MW, КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН — ТЕХ.БР. 17-05/23

ПЛАНЕРИ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065

СОРАБОТНИК
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА миа

УПРАВИТЕЛ	РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
СИЛВАНА ВАНОВСКА	M = 1:1000	АВГУСТ 2023	5

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, НА КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН

M=1:2000



ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 2,71 Ха

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
„КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР. 0.095

НАРАЧАТЕЛ
СОЛ ГРУП 5 ДОО СКОПЈЕ

СОДРЖИНА
САТЕЛИТСКА СНИМКА - АКН

ФАЗА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН — У

ПЛАН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1 MW, КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН

ТЕХ.БР. 17-05/23

ПЛАНЕРИ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065

СОРАБОТНИК
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА миа

УПРАВИТЕЛ	РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
СИЛВАНА ВАНОВСКА	M = 1:2000	АВГУСТ 2023	6



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, НА КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН

M=1:10000

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 2,71 Ха

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
„КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР. 0.095

НАРАЧАТЕЛ
СОЛ ГРУП 5 ДОО СКОПЈЕ

СОДРЖИНА
ПОШИРОКО СООБРАЌАЈНО ОПКРУЖУВАЊЕ - ТОПОГРАФСКА КАРТА

ФАЗА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН — У

ПЛАН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1 MW, КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН
ТЕХ.БР. 17-05/23

ПЛАНЕРИ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065

СОРАБОТНИК
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА миа

УПРАВИТЕЛ
СИЛВАНА ВАНОВСКА

РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
M = 1:10000	АВГУСТ 2023	6.1

2 ПЛАНСКИ ДЕЛ

2.1 Проектна програма

Друштво за производство и продажба
СОЛ ГРУП 5 ДОО
Бр. 03-05-/1
10.03 2023 год.
СКОПЈЕ

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 – ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СО КАПАЦИТЕТ НАД 1MW, НА КП 2762/2 И 1366/1, КО СОПОТСКО, ОПШТИНА РЕСЕН

ВОВЕД

Согласно член 58 став 6 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр.32/20), урбанистички проект (УП) може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места за простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап.

Во таков случај УП се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.

Изработката на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија со капацитет над 1MW, на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско, Општина Ресен** е во согласност со член 59 став 6 точка 11 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 32/20, како и член 58 став 3 точка 14 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21 и 104/22)* каде може да се уредуваат поединечни градби како што се **мали градби за производство на енергија – фотоволтаични плантажи.**

Целта на урбанистичкиот проект е да се овозможат услови за изградба на фотоволтажна централа за производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија), што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р.Македонија. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија со капацитет над 1MW, на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско, Општина Ресен,** се наоѓа во југозападниот дел од селото Сопотско, покрај постоен земјен пат и до сега не бил опфатен со урбанистичка документација.

Пристапот ќе се обезбеди од постојниот земјен пат, од западната страна на проектниот опфат.

1

Границите на проектниот опфат се:

- На **север** се движи по дел од јужната граница на КП 2422, КО Ресен-вонград, по дел од 2762/3, КО Сопотско и по дел од КП 1278/1, КО Сопотско;
- На **исток** се движи по дел од границата на КП 1278/1, КО Сопотско, потоа продолжува југоисточно да се движи по дел од границата на КП 1365/1, КО Сопотско;
- На **југ** се движи по дел од северната граница на КП 1367, КО КО Сопотско, потоа продолжува западно да се движи по дел од источната и северната граница на КП 2762/4, КО Сопотско;
- На **запад** се движи по источните граници на дел од КП 2452 (постоен земјен пат), КО Ресен-вонград.

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 2.71 ха (27069.3460 м²) и е со следните координати на прекршните точки на опфатот:

Површина: 27069.3460 м²
Периметар: 682.9590 м'

1.	Y=7503623.5700 X=4548041.5500
2.	Y=7503624.0600 X=4548048.7500
3.	Y=7503619.0000 X=4548091.6700
4.	Y=7503615.5200 X=4548133.7200
5.	Y=7503612.9100 X=4548134.1700
6.	Y=7503606.0500 X=4548166.4100
7.	Y=7503559.3700 X=4548167.2700
8.	Y=7503528.4000 X=4548170.4400
9.	Y=7503516.9200 X=4548171.2300
10.	Y=7503473.6600 X=4548144.3300
11.	Y=7503444.4400 X=4548124.0100
12.	Y=7503424.4500 X=4548102.8900
13.	Y=7503402.1000 X=4548079.3900
14.	Y=7503408.7000 X=4548052.7100
15.	Y=7503411.8500 X=4548019.4800
16.	Y=7503481.7300 X=4548029.8000
17.	Y=7503471.9000 X=4548013.9200
18.	Y=7503494.4200 X=4548009.4500
19.	Y=7503496.8600 X=4548007.8900
20.	Y=7503628.1800 X=4548036.3500

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Просторот во рамки на проектниот опфат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија со капацитет над 1MW, на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско, Општина Ресен,** треба да се разработи како комплекс од градби со намена инфраструктура т.е. во градежната парцела треба да се утврди простор определен со градежни линии во кој можат да се поставуваат повеќе градби - на фотоволтаични панели кои ќе овозможат производство на електрична енергија со капацитет над 1MW, како и изградба на трафостаница за потребите на фотоволтажната централа.

Со урбанистичкиот проект, согласно член 77 став 1 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21 и 104/22)*, се планира следната поединечна намена:

Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

2

Трафостаниците, согласно горенаведениот Правилник, спаѓаат во поединечната намена **Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија** и истата претставува комплементарна намена во смисла на член 80 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21 и 104/22)* т.е. намена што во градежната парцела ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на утврдената поединечна намена.

Исто така, се планира и површина за градење за изградба на бунар кој спаѓа во поединечната намена **Е1.12 – Инфраструктури за наводнување** и истата претставува комплементарна намена согласно член 80 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21 и 104/22).*

Во **Планскиот дел** од урбанистичкиот проект да се даде урбанистичко решение на опфатот со сите потребни урбанистички параметри, внатрешни сообраќајници и партерно решение со хортикултура.

Покрај ова, потребно е решавање и на сообраќајниот пристап и стационарниот сообраќај.

Имајќи ја во предвид предметната поединечна намена, а согласно член 134 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21 и 104/22)* за групата на класи на намена Е – Инфраструктури, „Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, бројот и структурата на вработени, бројот, фреквенцијата и структурата на корисниците, степенот на моторизација, постоењето и капацитетот на јавен превоз, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален, за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата, како и за посетителите и корисниците на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела, и/или на соседна градежна парцела и/или на земјиште за општа употреба". Во овој урбанистички проект треба да се испланираат 2 паркинг места за моторни возила, во рамки на сопствената парцела.

Проектниот дел на урбанистичкиот проект да содржи идеен проект за градбите во проектниот опфат од соодветните технички струки – архитектонска и техничка инфраструктура.
ФВ модулите кои се предвидуваат да се постават ќе бидат со моќност од 550W, со користење на инвертори од 50 - 215kW, метална конструкција со набивање и поставување на соодветна трафостаница.

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Заради чистење на ФВ модулите, добро е да има приклучок на водоводна мрежа. Поради видео надзорот и уличното осветлување, потребно е да има и приклучок на дистрибутивната електро мрежа.

Инвеститор:
ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОДАЖБА СОЛ ГРУП 5 ДОО СКОПЈЕ

Управител:
Кирил Паунов

3

2.2 Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и комунална инфраструктура

Податоците за постојниот изграден градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и комуналната инфраструктура се детално дадени во точките 1.5 и 1.7 од документационата основа на урбанистичкиот проект.

2.3 Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение

Изработката на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија со капацитет над 1MW, на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско, Општина Ресен** е во согласност со член 59 став 6 точка 11 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 32/20 и 111/23), како и член 58 став 3 точка 14 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)* може да се уредуваат поединечни градби како што се **градби за производство на енергија – фотоволтаични плантажи**.

Целта на урбанистичкиот проект е да се овозможат услови за изградба на фотоволтажна централа за производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија), што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р.Македонија. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Намена на земјиштето и градбата

Со овој урбанистички проект се планира следната поединечна намена:

Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

Во урбанистичкиот проект дозволена е употреба на комплементарни намени. Согласно Член 80 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)*, комплементарна намена означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата од друга примарна дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер и во одредени случаи го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.

Трафостаниците, согласно горенаведениот Правилник, спаѓаат во поединечната намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија и истата претставува комплементарна намена во смисла на член 80 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)* т.е. намена што во градежната парцела ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на утврдената поединечна намена.

Согласно *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23),* планирана е површина за градење и за бунар со поедниничка класа на намена Е1.12 - Инфраструктури за наводнување, како комплеметарна класа на намена.

Согласно член 113 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)* се планира оградување на градежната парцела со транспарентна ограда со вкупна висина од 1,20 м до 2,00 м, со можност за изведба на ѕидан парапет со висина од 0,40 м до 0,80 м.

Во спроведувањето на урбанистичките планови оградите се поставуваат по правило во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, додека вратите и капиите од уличните огради на градежните парцели не смеат да се отвараат вон регулационата линија односно кон надвор.

Со овој урбанистички проект **не се планираат**: издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, ветерници или други објекти со височина поголема од 100м, кои би претставувале препреки во воздухопловството.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во рамки на градежната парцела планирани се две апроксимативни површини за градење, во рамки на кои е планирано поставувањето на фотоволтаичните модули, една површина за изградба на трафостаница и една површина за изградба на бунар.

Во понатамошната фаза, при изработката на идејното решение, пристапено е и кон детална урбанистичка разработка на апроксимативните површини за градење и истото е прикажано во проектниот дел од овој урбанистички проект.

Планираните површини за градење бр. 1.1 и 1.2 се предвидени за изградба на фотоволтаични модули, површина заградење бр. 1.3 е наменета за изградба на трафостаница и површина 1.4 е наменета за изградба на бунар.

Планираните параметри од планираната **градежна парцела 1** се во рамките на дозволените согласно *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)*, и тоа:

Табела 3 - Нумерички показатели

УПВОУП со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија со капацитет над 1MW, на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско, Општина Ресен	НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ (m2)	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	КЛАСА НА НАМЕНА НА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	НУМЕРАЦИЈА НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ	ОБЈЕКТ	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (m2)	МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА ДО ГОРЕН ВЕНЕЦ (m)	ПОВРШИНИ ЗА ГРАДБА (m2)	ВКУПНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (m2)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	МИНИМАЛЕН ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ ВО ГП (%)	ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА
	1	27069,35m2	Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани	Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани	1.1	ФВ модули	27069,35m2	H=4.0m	6048,57m2	6048,57m2	66,77%	0,67	20%	Потребниот број на паркинг места да се утврди согласно член 134 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)
				Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани	1.2	ФВ модули		H=4.0m	11994,04m2	11994,04m2				
				Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија (комплементарна намена)	1.3	трафостаница		H=4.0m	24,75m2	24,75m2				
				Е1.12 - Инфраструктури за наводнување (комплементарна намена)	1.4	бунар		H=4.0m	6,25m2	6,25m2				
	ВКУПНО	**27069,35m2**					**27069,35m2**		**18073,61m2**	**18073,61m2**	**66,77%**	**0,67**	**20%**	

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Табела 4 – Билансни показатели од планирана состојба на проектниот опфат

БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ ОД ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ:		Површина (м2)	Процентуална застапеност (%)
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН	Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани	**27069,35m2**	100,00
ВКУПНО		**27069,35m2**	**100,00**

Табела 5 – Билансни показатели од планирана состојба на градежната парцела

БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ ОД ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА:		Површина (м2)	Процентуална застапеност (%)
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН	Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани	**18073,61m2**	66,77
	Сообраќајни површини во рамки на ГП	**3118,88m2**	11,52
	Зеленило во рамки на ГП	**5471,28m2**	20,21
	Постоен канал	**405,58m2**	1,50
ВКУПНО		**27069,35m2**	**100,00**

ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ И НАЧИН НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА

Пристапот ќе се обезбеди од постојниот земјен пат, од западната страна на проектниот опфат, односно од локален некатегоризиран пат на КП 2452, во КО Ресен-вонград.

Планирани се и сообраќајници во рамки на градежната парцела со широчина од 3.5м и 5.5м преку кои е овозможен пристап до објектите.

КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРОФИЛИ НА ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ:

Со изработка на урбанистичкиот проект, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за предметниот локалитет. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на внатрешните сообраќајници, истото е усогласено со нивелетата на пристапниот пат, како и конфигурацијата на теренот. Подолжните наклони се движат од 1.14% до 6.12%.

Согласно член 134 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)* за групата на класи на намена Е – Инфраструктури, „Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, бројот и структурата на вработени, бројот, фреквенцијата и структурата на корисниците, степенот на моторизација, постоењето и капацитетот на јавен превоз, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален, за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата, како и за посетителите и корисниците на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела, и/или на соседна градежна парцела и/или на земјиште за општа употреба“.

Во урбанистичкиот проект планирани се 2 паркинг места за лесни моторни возила, во рамки на градежната парцела, кои се лоцирани во близина на влезот во градежната парцела.

ПАРТЕРНО РЕШЕНИЕ СО ХОРТИКУЛТУРА

Партерното решение се состои од: сообраќајни површини во рамки на градежната парцела, површина за паркирање, поплочена површина и зеленило.

Зеленилото е планирано во просторот помеѓу фотоволтаичните модули и е прикажано во деталната разработка на површините во градежната парцела во проектниот дел од овој урбанистички проект.

Согласно член 166 и член 169 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)*, а имајќи ја во предвид основната намена, типот и големината на градбата, во рамки на градежната парцела планирано е **приватно дворно зеленило**.

Со оглед на типот на конкретните објекти, планирана е површина само со ниско зеленило – трева т.е. не се предвидува висока вегетација која би создавала сенки и со тоа би претставувало пречка за максималното функционирање на фотоволтаичните панели.

Согласно со *Законот за урбано зеленило* („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 11/18 и 42/20), потребно е да се обезбеди минимум 20% озеленетост во рамки на градежната парцела.

Со овој урбанистички проект обезбедени се 20% зеленило надвор од планираните површини за градење, во рамки на ГП. Со разработка на урбанистичкиот проект, во рамки на површините за градење се обезбедени дополнително уште 41% зеленило помеѓу редовите на панелите. Со идејното решение обезбедени се вкупно 61% зеленило во рамки на градежната парцела.

Табела 6 - Билансни показатели на зелени површини надвор од површини за градење согласно урбанистичко решение

БИЛАНСИ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ:		површина на градежна парцела (m2)	површина на зеленило во ГП (m2)	процент на зеленило во ГП (%)
	Градежна парцела 1	27069,35m2	5471,28m2	20%
	ВКУПНО	27069,35m2	5471,28m2	20%

ВОДОВИ И ИНСТАЛАЦИИ НА ИНФРАСТРУКТУРИТЕ

Водоводна и канализациона инфраструктура

Според добиените податоци од Јавното Комунално Претпријатие „Пролетер“, на предметните катастарски парцели не постои водоводна и канализациона мрежа во нивна надлежност.

Со оглед на типот на новопланираните објекти не се планира канализациона мрежа, а заради потребата за чистење на ФВ модулите, се предвидува снабдување со вода од сопствен бунар во рамки на проектниот опфат. Диспозицијата на бунарот може да биде променета, согласно потребите и условите на лице место.

Планирана е и површина за подземен бунар, прикажана со соодветна површина за градење во графичките прилози. Исто така, прикажана е и новопланирана водоводна линија со Ø100.

Имајќи го во предвид типот на објектите, се планира атмосферските води да се одведат и инфилтрираа по слободен пад во околните површини.

За одводнување на сообраќајниците во рамките на проектниот опфат, предвидени се попивателни бунари на крајот на сообраќајниците, преку бетонски каналети со решетки.

Гравитационото сливно подрачје на сообраќајницата покрива една лента, а дождот се прифаќа на следниов начин: во правец на сообраќајната лента има попречен наклон на иста страна, кој функционира како единечен колектор со бетонска канелета која преставува примарен реципиент, потоа, комплетната собрана вода се истура во попивателен бунар на сообраќајницата.

- пресметката е извршена со „рационален метод“
- соодветните врнежи се донесени од Идејниот проект
- усвоен е периодот на враќање Т = 10 години

- времетраење на дождот добиено како функција на времето на концентрација за соодветните сливни подрачја покрај патот
- интензитетот на врнежите врз основа на податоците за усвоената дождомерна станица
- коефициент на истекување од асфалтни површини ψ = 0,9

Хидраулична анализа на дренажни елементи

Одведувањето на атмосферската вода од површината на патот се врши со бетонски канал, за што е извршена следната хидролошка-хидраулична анализа.

За собирна улица со широчина од 5,5 метри L=115,7m

L1 = 13,7 m со подолжен наклон i= 3,70 %
L2 = 64,95 m со i =6,1%
L3 = 136,12 m со i = 6,12%

За димензионирање усвоено L3 = 136,12 m со подолжен наклон 6,12 %

Површина на дренажен пат: F = 5,5 x136,12 / 10000 = 0,0748 ha

Површинскиот истек (Q (l / s)) е добиен врз основа на изразот:
Q = Fa x ψ x i 10 год
ψ = 0,9
и 10 години = 430 l / s / ha

Пропусниот опсег на каналот

Усвоено е сливно подрачје кое гравитира до делот од канализацијата за дождовница долга 136,12 метри.

- асфалтна површина Fa = 5,5 x 136,12/10000 = 0,0748 ha
- среден коефициент на истекување за асфалт Ψa = 0,9
- интензитет на врнежи: iusv = 430 l / s / ha

Вкупен прилив на патот:

$Qs = i \cdot F \cdot \psi a$

(л/с)

$Qs = 430 \cdot 0{,}0748 \cdot 0{,}90 = 28{,}94$ l / s

Гравитационото сливно подрачје на сообраќајницата покрива две ленти, а дождот се прифаќа на следниов начин: во правец на сообраќајната лента има попречен наклон на иста страна, кој функционира како единечен колектор со бетонска канелета која преставува примарни реципиент,потоа, комплетната собрана вода се истура во попивателен бунар на крајот од сообраќајницата.

За собирна улица со широчина од 3,5 метри има 4 делници

L1 = 145,74 m со подолжен наклон i= 2,98 %
L2 = 61,6 m со i =1,14%
L3 = 192,4 m со i = 4,5%
L4 = 136,76 m со i = 0,23%

За димензионирање усвоено L3 = 192,4 m со подолжен наклон 4,5 %

L=137,31m

Површина на дренажен пат: F = 3,5 x 192,4 / 10000 = 0,0673 ha

Површинскиот истек (Q (l / s)) е добиен врз основа на изразот:
Q = Fa x ψ x i 10 год
ψ = 0,9
и 10 години = 430 l / s / ha

Пропусниот опсег на каналот

Усвоено е сливно подрачје кое гравитира до делот од канализацијата за дождовница долга 192,4 метри.

- асфалтна површина Fa = 3,5 x 192,4/10000 = 0,0673 ha
- среден коефициент на истекување за асфалт Ψa = 0,9
- интензитет на врнежи: iusv = 430 l / s / ha

Вкупен прилив на патот:

$Qs = i \cdot F \cdot \psi a$

(л/с)

$Qs = 430 \cdot 0{,}0673 \cdot 0{,}90 = 26{,}04$ l / s

Гравитационото сливно подрачје на сообраќајницата покрива една лента, а дождот се прифаќа на следниов начин: во правец на сообраќајната лента има попречен наклон на иста страна, кој функционира како единечен колектор со бетонски канал (канелета) која преставува примарни реципиент,потоа, комплетната собрана вода се истура во попивателен бунар на крајот од сообраќајницата.

Под претпоставка дека целата вода што паднала на повисоката страна од патот тече низ каналот , длабочината на водениот слој во каналот се одредува со равенката Шеза-Менинг:

$$Q = 1/\eta\ A \cdot R^{2/3} \cdot \sqrt{I} \quad (l / s)$$



Слика 1. Карактеристичен попречен профил на каналот во разделната лента

$B = 0{,}8$ m,
$A = B + b \cdot h$

$b = 0{,}5$m
$= 0{,}8 + 0{,}5 \cdot h = 0{,}65 \cdot h$(м2)

2 P 2 стр

R = A
ЗА , О = 0,883m

ИД = 0,5 – 6,0% надолжен пад на коловозот
I P = 2,5%- попречно паѓање на коловозот

n = 0,020

- Коефициент на грубост на Менинг
За полнење на каналот од 60% од вкупната висина на бетонскиот канал, се добиваат следните резултати (за надолжни падови од 0,2-0,60%)

Тип 1:

Наклон	%	0.2000	0.3000	0.6000
Наклон на левиот раб	H : V	1.00	1.00	1.00
Наклон на десниот раб	H : V	1.00	1.00	1.00
Широчина на дно	m	0.50	0.50	0.50
Проток	l/s	173.0	211.0	299.0

Задоволува вредноста за тип 1

Потребно е да изработат два попивателни бунари на крајот од бетонските канали. на На завршувањето на канелетите Пред изработка на попивателните бунари да се направи истражување на нивото на подземните води.

Електро-енергетска инфраструктура

Новопредвидениот објект со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани ќе служи за производство на електрична енергија од одобновливи извори на енергија и како таков нема потреба од димензионирање на нејзина потрошувачка.

Поврзувањето со постојната електрична мрежа во близина на проектниот опфат ќе се определи во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на соодветна документација од страна на инвеститорот, во соработка со стручните служби на ЕВН Македонија.

Во проектниот опфат е предвидена планирана површина за градење под бр. 1.3 за планирана трафостаница. Исто така, предвиден е и подземен вод за приклучок до трафостаница и од трафостаница низ излез од проектен опфат, прикажан во соодветните графички прилози.

Телекомуникациска мрежа

Според добиените податоци и информации страна на Македонски Телеком АД Скопје, во границите на планско-проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

2.4 Детални услови за проектирање и градење

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1

На градежната парцела 1 се предвидени површини за градба на објекти со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани – за фотоволтажна централа со јачина до 1.2 MW, со максимална вкупна површина од 10064.05м^2.

Планирани се две површини за изградба на фотоволтаични панели со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани. Исто така, како комплементарни намени согласно член 80 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)* т.е. намена што во градежната парцела ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на утврдената поединечна намена, предвидена е една површина за изградба на трафостаница со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија и една површина за изградба на бунар со намена Е1.12 - Инфраструктури за наводнување.

Планираните објекти се со максималната височина од 4.0м.

Вкупниот процент на изграденост на ниво на градежната парцела изнесува 66.77%, а коефициентот на искористеност е 0.67.

Со овој урбанистички проект обезбедени се 20% зеленило надвор од планираните површини за градење, во рамки на ГП. Со разработка на урбанистичкиот проект, во рамки на површините за градење се обезбедени дополнително уште 41% зеленило помеѓу редовите на панелите. Со идејното решение обезбедени се вкупно 61% зеленило во рамки на градежната парцела.

Табела 7 - Нумерички показатели согласно урбанистичко решение

УПВОУП со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија со капацитет над 1MW, на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско, Општина Ресен	НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ (m2	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	КЛАСА НА НАМЕНА НА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	НУМЕРАЦИЈА НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ	ОБЈЕКТ	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (m2)	МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА ДО ГОРЕН ВЕНЕЦ (m)	ПОВРШИНИ ЗА ГРАДБА (m2)	ВКУПНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (m2)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	МИНИМАЛЕН ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ ВО ГП (%)	ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА
	1	27069,35m2	Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани	Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани	1.1	ФВ модули	27069,35m2	H=4.0m	6048,57m2	6048,57m2	66,77%	0,67	20%	Потребниот број на паркинг места да се утврди согласно член 134 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)
				Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани	1.2	ФВ модули		H=4.0m	11994,04m2	11994,04m2				
				Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија (комплементарна намена)	1.3	трафостаница		H=4.0m	24,75m2	24,75m2				
				Е1.12 - Инфраструктури за наводнување (комплементарна намена)	1.4	бунар		H=4.0m	6,25m2	6,25m2				
	ВКУПНО	**27069,35m2**					**27069,35m2**		**18073,61m2**	**18073,61m2**	**66,77%**	**0,67**	**20%**	

Пристапот ќе се обезбеди од постојниот земјен пат, од западната страна на проектниот опфат, односно од локален некатегоризиран пат на КП 2452, во КО Ресен-вонград.

За потребите на објектот, во рамки на градежната парцела, планирани се 2 паркинг места.

Во фазата на реализација на овој урбанистички проект, со оглед на тоа што дел од планираните површини за градење се наоѓаат во крајбрежниот појас на нерегулиран водотек, пред изградба на објектите, **согласно член 47 од Законот за градење** („Сл.весник на Р.Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19,18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), **потребно е да се обезбеди Водостопанска согласност, во постапка пропишана во Законот за водите („Сл.весник на Р.Македонија“ бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11,44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21).**

Доколку при реализација на овој урбанистички проект потребни се одредени измени на идејниот проект или е потребно усогласување на идејниот проект со Законот за градење, ќе се изработува нов идеен проект во согласност со урбанистичките параметри од овој урбанистички проект и законската регулатива од областа на градењето.

2.5 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

2.5.1 Мерки за заштита на животната средина

Законската регулатива врз основа на која се уредува проектниот опфат, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот план е следна:

- Закон за животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07,
159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 171/22);
- Закон за заштита на природата („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и 151/21);
- Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04 , 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13 и 146/15);
- Закон за води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21);
- Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл. весник на Р.Македонија“ бр.18/99);
- Уредбата за класификација на водите („Сл. весник на Р.Македонија“ бр. 18/99);
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15 и 31/16);
- Закон за управување со отпадот („Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 216/21);
- Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
- Закон за земјоделско земјиште („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и 161/19);
- Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23);

- Закон за градење („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 130.09, 124/10, 18/11, 36/11,

54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23);

- Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање („Сл.весник на Р.Македонија“, бр. 60/12, 29/15, 32/16 и 114/16) и други законски и подзаконски акти.

Право и должност е на Република Македонија, Општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Законот за животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/0948/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 171/22).

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатства и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е **систем на мерки и активности** (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува подршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

- **Оцена на влијанијата на определени проекти врз животната средина**

Согласно Законот за животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/0948/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 171/22) и Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утрдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“бр. 74/05), за проектите кои се наведени во Прилогот II од Уредбата, при изработка на основните проекти треба да се утврди потреба за спроведување на постапката за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина.

Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, во согласност со критериумите утврдени во членовите 5, 6, 7 и 8 од Уредбата, ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Во фазата на спроведување на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија со капацитет над 1MW, на КП 2762/2 и КП 1366/1, КО Сопотско, Општина Ресен**, доколку не се спроведува оцена на влијанијата на проектот врз животната средина, да се почитуваат Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначаникот на општината, Градоначалникот на градот Скопје и Градоначалникот на општините во градот Скопје („Службен весник на Р.Македонија“ бр.32/12 и Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина, „Службен весник на Р.Македонија“ бр.36/12).

- **Природни реткости**

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка нема евидентирано природно наследство.

Врз основа на добиениот одговор за податоци и информации под бр. 11-3416/4 од 16.06.2023 година од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за природа, согласно мислењето од Службата за просторен информативен систем при Министерството за животна средина и просторно планирање (допис бр.16-3416/3), **констатирано е дека просторот на предметниот плански опфат на проектот не влегува во граници на заштитени подрачја и граници на идентификувано Натура 2000 подрачје и Емералд подрачје.**

- **Мерки за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух**

Мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух, врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на граничните вредности за квалитетот на амбиентниот воздух, се предмет на уредување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04 , 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13 и 146/15).

Амбиентен воздух е надворешен воздух во тропосферата во кој не е опфатен воздухот на работното место, а неговиот **квалитет** е состојба на амбиентниот воздух, прикажан преку степенот на загаденост.

Извори на загаденост на амбиентниот воздух согласно овој закон се:

1. инсталации кои се користат во технолошки процеси и енергетски градби (стационарни извори);
2. мотори со внатрешно согорување вградени во возила (подвижни извори);
3. горива.

Управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух се врши преку:

- оценување на квалитетот на амбиентниот воздух и
- донесување и спроведување на проектен документи.

Заради реализирање на квалитетот на амбиентниот воздух согласно овој закон, како и за нивно планирање и реализирање, се изработуваат:

1. Национален план за заштита на амбиентниот воздух (План) и
2. Програма за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на амбиентнот воздух (Програма).

Планот го донесува Владата на Република Македонија, а Програмата, на предлог на градоначалникот, ја донесува Советот на општината.

Мониторингот на состојбите и промените на квалитетот на амбиентниот воздух, се врши на начин и под услови утврдени со овој закон.

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата кој се јавуваат по постојниот локален пат од предметниот проектен опфа. Моторниот пристап до постојните и планираните градби во внатрешноста на паркот, како и заштитните мерки - противпожар се решаваат режимски.

Од горенаведеното може да се заклучи дека загадувањето од издувните гасови од возилата нема да има битно влијание на третираниот простор.

Мониторинг на емисии од стационарни извори

Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната и/или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1) инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2) обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

Мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори

1) Правните и физичките лица сопстеници, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки суптанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат ситем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2) Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдување на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот.

- **Мерки за заштита на води**

Согласно важечката законска регулатива, задолжително е испитување на пречистените води, пред испуштање во најблискиот природен реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присустни во реципиентот, дадени во Уредба за класификација на површинските води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 99/16).

Во предметната документација не се планира испуштање на отпадни води во некој реципиент.

Постојниот водотек во проектниот опфат е надвор од населено место и е нерегулиран.

Од таа причина, во согласност со известувањето добиено од МЖСПП – Сектор за води и пропишаното во Законот за водите („Службен весник на Р. Македонија бр. 87/08, 09/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и Службен весник на Р.С.Македонија 151/21), за да не дојде до нарушување на режимот на водите при изработка на проектна документација потребно е да бидат исполнети следните критериуми од аспект на заштита на водите:

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е, освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци;

2. Изведувањето на водостопанските објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;

3. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува

- Да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
- Да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите;
- Да се менува правецот на водотекот без согласност на Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите без одобрение;
- Изградба на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка, постапување, складирање, отстранување или транспорт на опасни материи, супстанции и цврст или течен отпад;
- Да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10м од внатрешната страна и 10м од надворешната страна на ножицата на насипот;
- Да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни мапи);

4. Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;

5. Одговорните за изработка на проектна документација, потребно е да имаат во предвид дека испуштањето на атмосферските води од одводните канали не смее да предизвика нарушување и/или влошување на состојбата со квалитетот на водното тело – реципиент, утврдена во Уредбата категоризација и класификација на водите во РМ (Сл. Весник бр. 18/99);

Во однос на водотеците кои се опфатени, односно граничат со планскиот опфат, потребно е да бидат разработени во текстуалниот дел на проектната документација иа да се исцртаат во графичкиот дел со крајбрежен појас од 50 метри зад линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулиран водотек, односно зад ножицата на насипот кај регулиран водотек, дефинирани врз основа на ходролошки податоци и хидраулички анализи.

По однос на постојни водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и системите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е АД Водостопанство на РМ.

Согласно Законот за води, Министерство за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите, како и Дозвола за користење, односно Дозвола за испуштање во водите на правните и физички лица, вклучувајќи ги и органите на државната управа и општините, кои испуштаат оптадни води или испуштаат или фрлаат материи и супстанции во реципиентите, под услови и на начин утврдени со законот за водите.

Врз основа на добиеното Известување од страна на АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, во рамките на катастарска парцела 2762/2, КО Сопотско, општина Ресен и во предметниот опфат има водостопански објекти кои треба да се заштита согласно Законот за води.

При изработка на проектот да се има во предвид течението на водата, во каналот да е непречено до соодветниот реципент.

- **Управување со отпадот**

Со Законот за управување со отпадот („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16) се уредуваат: управувањето со отпадот, плановите и програмите за управување со отпадот, правата и обврските на правните и физичките лица во врска со управувањето со отпадот, начин и условите под кои може да се врши собирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на отпадот и др.

Целите на овој закон се да се обезбеди:

- избегнување и, во најголема можна мера, намалување на количеството на создадениот отпад;

- искористување на употребливите состојки на отпадот;
- одржлив развој, преку зачувување и заштита на природните ресурси;
- спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина;
- остранување на отпадот, на начин што е прифатлив за животната средина и
- висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Управувањето со отпадот е дејност од јавен интерес, која се врши во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Приоритети при управување со отпадот:

1. Создавачите на отпад се должни, во најголем мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

2. При управување со отпадот, по предходно извршена селекција, отпадот треба:

- да биде преработен по пат на рециклирање, повторна употреба или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или
- да се користи како извор на енергија.

Правните и физичките лица кои преземаат одредени активности во процесот на производството, се должни да употребуваат суровини со чија преработка се создава помалку отпад, да применуваат технологии кои обезбедуваат почисто производство и кои ги штедат природните ресурси, односно да произведуваат производи коишто, при нивното производство и употреба, не ја загадуваат животната средина или загадувањето да го сведат на најмала можна мера, во согласност со начелата за одржлив развој.

Надлежните органи на Република Македонија, општините, правните и физичките лица кои управуваат со отпадот, во согласност со овој закон, се должни да донесуваат и да спроведуваат стратешки, проектен и програмски документи за управување со отпадот.

План за управување на отпад на Р.Македонија, се донесува за период од шест години. За реализација на Планот за управување со отпадот на Р.Македонија, советот на општините, донесуваат план за управување со отпадот на општината, за период од три години, а не подолго од шест години.

Складирање и собирање на отпадот

За цврстиот отпад се предвидува поставување на канти и контејнери за отпадоци на погодни места и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа е се спречи загадување на почвата и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина.

- **Мерки за заштита од бучава во животната средина**

Управувањето со бучавата во животната средина и заштита од бучавата во животната средина е предмет на уредување на Законот за заштита од бучава во животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15).

